ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

ЗА 2013 ГОДИНА

Потрошувачка на лекови на рецепт од Листата на лекови кои паѓаат на товар на ФЗОМ во примарната здравствена заштита

Скопје, март 2014 година

СОДРЖИНА

ВОВЕД **3**

1. ПОТРОШУВАЧКАТА НА ЛЕКОВИ НА ТОВАР НА ФЗОМ ВО ПРИМАРНАТА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА **4**

1.1. Потрошувачка на лекови во примарната здравствена заштита во 2013 година **7**

1.1.1. Потрошувачка по Подрачни служби по број на рецепти и вкупни износи во 2013 година 7

1.1.2.Потрошувачка по региони по број на рецепти и вкупни износи во 2013 година 11

1.1.3. Потрошувачка на лекови на рецепт според АТХ нивоа во 2013 година 13

1.1.3.1 Потрошувачка на лекови на рецепт според АТХ ниво I во 2013 година 13

1.1.3.2 Потрошувачка на лекови на рецепт според АТХ ниво III во 2013 година 14

1.1.3.3 Потрошувачка на лекови на рецепт според АТХ ниво V во 2013 година 15

1.1.4. Потрошувачка на Топ - 10 лекови по генерики по ФЗО Подрачни служби во 2013 година 16

1.2 Потрошувачка на скапи лекови во примарна здравствена заштита, 2010-2013 година **18**

1.3 Лекови за трансплантирани органи, 2010-2013 година **19**

1.4 Потрошувачка на лекови пропишани од лекари во дежурната служба **21**

РЕЗИМЕ **22**

ВОВЕД

Согласно Законот за здравствено осигурување на Македонија во основни здравствени услуги кои ги обезбедува Фондот за здравствено осигурување на Македонија спаѓаат и лековите од Листата на лекови кои паѓаат на товар на ФЗОМ за примарна и болничка здравствена заштита.

Снабдувањето со лекови на товар на Фондот во здравствените установи на секундарно и терцијарно ниво на здравствена заштита се извршува директно од страна на здравствените установи или Министерството за здравство на РМ преку постапки за јавни набавки. Фондот согласно Законот за здравствено осигурување е купувач на здравствените услуги во кои се вклучени и лекови.


Во примарната здравствена заштита, лековите на рецепт од Листата на лекови кои паѓаат на товар на ФЗОМ за примарна здравствена заштита кои имаат утврдена референтна цена и се издаваат на рецепт за осигурениците, се обезбедуваат преку ПЗУ аптеки со кои Фондот има склучено договор. Бројот на ПЗУ аптеки варира во текот на годината и последната бројка за активни аптеки кои имале договор со ФЗОМ за 2013 година е 722 аптеки.

Од вкупно 391 лекови по генерика од примарната позитивна листа до 299 лекови се обезбедени без доплата за осигурениците, односно околу 76% од лековите за примарна здравствена заштите се обезбедени без доплата за осигурениците, што е највисок процент на вакви лекови досега. Сумарно, од 2009 година кога бројката на лекови по генерики без доплата била 20% од вкупниот број на лекови за ПЗЗ, а во 2013 година бројката на лекови по генерики без доплата достигнува до 76,5%, што значи раст од околу 56%.


Со утврдените референтни цени на лекови од позитивната листа за ПЗЗ, бројот на лекови без доплата по заштитено име кои ги обезбедува Фондот во 2013 година достигна до 442 лекови (44% од вкупниот број лекови на рецепт).

Трендот на намалување на цените на лековите резултира со зголемување на бројот на лекови кои се обезбедуваат за осигурените лица без доплата, а со тоа се овозможува поголема достапност до потребната терапија со лекови. Постои тенденција овој број да се зголемува и понатаму со што ќе се намалува бројот на лекови со доплата (графикони А и Б). Стратегија на Фондот за периодот 2014-2015 година е во насока да се обезбедат лекови без доплата за секоја генерика.

Графикон А: Споредба на доплатите за лекови во ПЗЗ по заштитено име



Графикон Б: Споредба на лекови по генеричко име со референтна цена за ПЗЗ, со и без доплата




Аптеките кои имаат склучен договор со Фондот до надлежната Подрачна служба на Фондот месечно доставуваат фактури за издадените лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на Фондот кои имаат референтна цена, во писмена и електронска форма заедно со пропратна документација согласно

Договорот и Техничкото упатство на Фондот за аптеките. Процесот на анализа и контрола на податоците превземени во елкетронска форма од аптеките за потрошувачката на лековите на товар на ФЗОМ во примарна здравствена заштита продолжува и во 2013 година, се со цел да се унапреди системот на обезбедување лекови за сите осигуреници и да се почитуваат и спроведуваат законските прописи и да се врши ефикасна алокација на финансиските ресурси со кои располага ФЗОМ.


1. Потрошувачката на лекови на товар на ФЗОМ во примарната здравствена заштита

Врз основа на податоците од аптеките со кои располага ФЗОМ се забележува дека од година во година постои тренд на зголемување на бројот на реализирани рецепти, а соодветно на тоа расте и вкупниот износ одвоен за лекови на товар на ФЗОМ во примарна здравствена заштита (Графикон 1 и 2). Ова е во согласност и со светските трендови за зголемување на консумацијата на лекови.

Графикон 1. Приказ на порастот на бројот на реализирани рецепти за лекови во ПЗЗ (%), 2008 – 2013 година



Графикон 2. Приказ на порастот на вкупниот износ за лекови во ПЗЗ (%), 2008 – 2013 година



Од Графиконите 1 и 2 се забележува дека постои континуирано зголемување на бројот на реализирани рецепти и вкупни износи одвоени за лекови во ПЗЗ. За периодот 2008-2013 година, бројот на реализирани рецепти е зголемен за 73%, односно вкупниот износ за лекови издадени на рецепт во аптеките е зголемен за околу 61%.

Во Табелата 1 даден е приказ на бројот на реализирани рецепти за лекови издадени во ПЗУ аптеки кои имаат договор со Фондот и вкупните износи за периодот 2010-2013 година од каде исто така може да се забележи континуираниот раст на употребата на лекови во последните четири години.

Табела 1. Приказ на број на реализирани рецепти и вкупни износи (денари) за период 2010-2013 година

	2010 година	Индекс 2010/2011	2011 година	Индекс 2011/2012	2012 година	Индекс 2012/2013	2013 година
Број на реализирани рецепти	15.277.792	1,07	16.332.551	1,07	17.485.146	1,02	17.822.132
Вкупен износ	1.778.028.785	1,07	1.902.841.544	1,05	1.993.189.875	1,07	2.123.979.166

Од Табелата 2 во која се прикажани бројот на реализирани рецепти и вкупни износи за лековите според Анатомско-Терапевтско-Хемиска класификација на лекови според СЗО (понатаму во текстот е кратенка

АТХ). По АТХ прво ниво за периодот 2010-2013 година се забележува континуиран пораст на бројот на реализирани рецепти, како и на вкупните износи кои се издвојуваат за лекови на рецепт на товар на ФЗОМ во примарна здравствена заштита.

Табела 2. Приказ на бројот на резлизирани рецепти и вкупни износи, АТХ прво ниво, 2010 – 2013 година

АТХ група на лекови		2010 година	2011 година	2012 година	2013 година	Индекс 2010/2011	Индекс 2011/2012	Индекс 2012/2013
A Лекови со дејство на дигестивниот тракт и метаболизмот	Број на рецепти	1.906.617	2.010.029	2.193.674	2.252.032	1,05	1,09	1,03
	Вкупен износ (денари)	201.551.058	172.641.475	185.460.968	200.651.427	0,86	1,07	1,08
B Лекови кои делуваат на крвта и крвотворните органи	Број на рецепти	153.383	162.285	182.676	194.360	1,06	1,13	1,06
	Вкупен износ (денари)	14.791.235	15.212.602	16.460.010	17.128.440	1,03	1,08	1,04
C Лекови кои делуваат на срце и крвни садови	Број на рецепти	6.199.052	6.758.383	7.363.886	7.790.143	1,09	1,09	1,06
	Вкупен износ (денари)	440.574.351	482.008.698	524.133.860	574.581.234	1,09	1,09	1,10
D Дерматолошки лекови	Број на рецепти	159.929	166.147	190.598	196.271	1,04	1,15	1,03
	Вкупен износ (денари)	17.555.080	18.474.649	20.988.629	21.089.240	1,05	1,14	1,00
G Лекови кои делуваат на генитоуринарен тракт и полови хормони	Број на рецепти	436.193	475.498	514.569	543.317	1,09	1,08	1,06
	Вкупен износ (денари)	111.958.658	145.773.247	130.471.819	146.722.584	1,30	0,90	1,12
H Лекови со дејство на Жлездите со внатрешно лачење со исклучок на полови хормони и инсулин	Број на рецепти	206.800	218.402	231.424	249.334	1,06	1,06	1,08
	Вкупен износ (денари)	30.486.185	29.760.356	27.486.158	29.366.870	0,98	0,92	1,07
J Антиинфективни лекови за системска употреба	Број на рецепти	1.996.959	2.032.989	1.940.130	1.781.858	1,02	0,95	0,92
	Вкупен износ (денари)	345.320.358	366.306.940	349.353.948	310.860.286	1,06	0,95	0,89
L Антинеопластични и имуномодулаторни лекови	Број на рецепти	50.168	51.539	53.685	56.042	1,03	1,04	1,04
	Вкупен износ (денари)	51.163.790	42.261.086	33.654.016	39.675.973,1	0,83	0,80	1,18
M Лекови со дејство на коскено мускулен систем	Број на рецепти	890.207	932.429	979.914	946.738	1,05	1,05	0,97
	Вкупен износ (денари)	89.485.152	83.355.225	91.946.335	94.581.533,5	0,93	1,10	1,03
N Лекови со дејство на ЦНС	Број на рецепти	2.290.966	2.459.083	2.689.451	2.585.743	1,07	1,09	0,96
	Вкупен износ (денари)	261.137.785	288.810.025	338.780.631	365.853.325	1,11	1,17	1,08
P Лекови за лекување на инфекции предизвикани со паразити	Број на рецепти	32.983	28.180	27.427	26138	0,85	0,97	0,95
	Вкупен износ (денари)	2.578.384	2.455.956	2.281.076	2.145.454	0,95	0,93	0,94
R	Број на рецепти	736.747	769.683	821.926	875.567	1,04	1,07	1,07


Лекови за третман на болести на респираторен систем	Вкупен износ (денари)	171.485.495	211.306.481	223.586.175	266.023.372	1,23	1,06	1,19
S Лекови кои делуваат на сензорни органи	Број на рецепти	217.788	267.904	295.726	323.983	1,23	1,10	1,10
	Вкупен износ (денари)	39.941.254	44.474.805	48.571.805	55.153.952	1,11	1,09	1,14
V Останати лекови	Број на рецепти	/	/	60	606	/	/	10,10
	Вкупен износ (денари)	/	/	14.445	145.474,5	/	/	10,07
	Вкупно рецепти	**15.277.792**	**16.332.551**	**17.485.146**	**17.822.132**	**1,07**	**1,07**	**1,02**
	Вкупен износ (денари)	**1.778.028.785**	**1.902.841.544**	**1.993.189.875**	**2.123.979.166**	**1,07**	**1,05**	**1,07**

Од Табелата 2 и Графиконот 3 се забележува дека трендот на намалување на **бројот на рецепти за лекови** од АТХ Групата J – антиинфективни лекови продолжува и во 2013 година кога се забележува намалување на бројот на реализирани рецепти за околу 8% во однос на 2012 година, додека во однос на 2011 година намалувањето е околу 12%.

Исто така, намалување на бројот на рецептите во текот на последните три години се забалежува кај лековите од АТХ групата P – антипаразитни лекови, со 5% помалку рецепти во однос на 2012 година, додека во однос на 2010 се забележува намалување од околу 20%.


За прв пат во 2013 година се забележува намалување на бројот на реализирани рецепти за лековите од АТХ групата N – лекови за ЦНС и тоа за околу 3,8%, како и на лековите со дејство на коскено мускулниот систем (3,38%).

Графикон 3. Број на реализирани рецепти во ПЗЗ, 2010-2013



Во однос на **вкупните износи за лекови на рецепт на товар на Фондот за здравствено осигурување** во примарна здравствена заштита (Графикон 4), генерално се забележува зголемување на износите. Само кај две од четиринаесет АТХ групи на лекови се забележува намалување на вкупните износи. Таков е случајот кај лековите од АТХ групата **J** – антиифективни лекови, каде намалувањето е од околу 11%, додека за АТХ групата **P** намалувањето е од околу 6%.

Графикон 4. Вкупни износи за лекови на рецепт во ПЗЗ, 2010-2013



Од анализата направена врз основа на потрошувачката на лекови на АТХ прво ниво, во последните четири години (2010 – 2013 година) најголемиот број рецепти се однесуваат на лекови од АТХ групата **С** – лекови за кардиоваскуларниот систем (Графикон 3). За оваа група на лекови од година во година расте бројот на реализирани рецепти и тие се секогаш први по потрошувачката што е и светски тренд. Во 2013 година се ралізирани околу 7,8 милиони рецепти за лековите од оваа група што претставува зголемување од околу 25,6% во однос на 2010 година и 6% зголемување во однос на 2012 година. Оваа група на лекови од година во година бележи и поголемо учество во вкупно издадените лекови, па така во 2013 година од вкупниот број на реализирани рецепти 43,7% припаѓаат на групата С, што претставува зголемување за околу 1,6% во однос на минатата година.

Втора по бројот на реализирани рецепти е групата на лекови со дејство на централниот нервен систем (АТХ група **N** – лекови за нервен систем), кај која за првпат во 2013 година се забележува намалување на бројот на реализирани рецепти во однос на 2012 година, но сепак во однос на 2010 се забележува зголемување од околу 13%.

На трето место според бројот на реализирани рецепти се лековите од АТХ групата А - лекови со дејство на дигестивниот тракт и метаболизмот.

Лековите од АТХ групата **J** – антиинфективни лекови, исто како и во 2012 година се на четвртото место според бројот на реализирани рецепти.

Најголеми износи во годините наназад се издвојувани за лекови од АТХ групите: С, N и J (Графикон 4), со тоа што кај лековите од АТХ групата J во последните две години се забележува намалување на бројот на реализирани рецепти кое пропорционално се одразува и на намалување на вкупните издвоени износи за оваа група па така во 2013 се забележува намалување од околу 11% во однос на 2012 година.

За споредба, во Србија и Словенија според последните достапни податоци од официјалните веб- страни на Заводите за здравствено осигурување (За Србија последни достапни податоци се за 2011 година, а за Словенија за 2013 година), исто како и кај нас на прво место според **бројот на реализирани рецепти** се лековите од групата С, на второ место се лековите од групата N, а на трето место лековите од групата А. Во Србија исто како и кај нас **најмногу средства се** издвоени за лековите од С групата, на второ место се лековите од групата А, а на трето место лековите од групата N.

По ова може да се констатира дека ситуацијата во Р. Македонија е слична како во регионот.

1.1. Потрошувачка на лекови во примарната здравствена заштита во 2013 година

1.1.1. Потрошувачка по Подрачни служби по број на рецепти и вкупни износи во 2013 година

Во 2013 година обезбедувањето на осигурениците со лекови од Листата на лекови на товар на Фондот во примарна здравствена заштита се вршеше преку 705 аптеки во првата половина на година, односно преку 722 аптеки во втората половина со кои Фондот има склучено Договор. Во овој период, на Листата на лекови се наоѓаат околу 390 лекови со генеричко име односно околу 1000 лекови со заштитено име кои се издаваат во ПЗУ аптеки, наменети за примарна здравствена заштита. Во 2013 година вкупно се реализирани

17.822.132 рецепти со вкупен износ од 2.123.979.166 денари. Во Табела 3 е дадена споредба на бројот на издадени лекови по подрачни служби на Фондот, број на ДДД (дефинирана дневна доза на лек) на 1000 осигуреници по ден и број на рецепти по осигуреник за 2013 споредено со 2012 година.

Табела 3. Потрошувачка на лекови во ПЗЗ според по Подрачни служби на ФЗОМ, 2013 година

Реден број	ФЗО Подрачна служба	Вкупен број на рецепти 2012	Вкупен број на рецепти 2013	DDD/1000 осиг./Ден 2012	DDD/1000 осиг./Ден 2013	Број на осигуреници (октомври 2012)	Број на осигуреници (2013)	Просечен број на рецепти по осигуреник 2012	Просечен број на рецепти по осигуреник 2013
1	Берово	251.700	245.352	805	859	14.822	15.081	17	16
2	Битола	1.115.673	1.093.840	544	569	91.804	94.072	12	12
3	Брод	55.703	63.332	356	404	7.222	7.523	8	8
4	Валандово	106.437	112.128	523	573	9.703	9.730	11	12
5	Виница	179.304	179.653	604	657	14.906	15.505	12	12
6	Гевгелија	396.065	395.781	647	683	29.420	29.675	13	13
7	Гостивар	544.809	571.428	343	359	76.270	79.660	7	7
8	Дебар	168.316	181.330	416	460	18.152	19.230	9	9
9	Делчево	287.242	289.832	653	709	19.920	20.404	14	14
10	Демир Хисар	88.456	85.805	575	603	7.052	7.014	13	12
11	Кавадарци	445.705	453.104	613	641	38.408	40.648	12	11
12	Кичево	481.636	509.071	606	648	38.717	40.085	12	13
13	Кочани	474.902	450.390	628	647	37.951	38.045	13	12
14	Кратово	84.441	80.422	586	601	7.036	7.008	12	11
15	Крива Паланка	182.708	195.690	494	529	17.971	18.960	10	10
16	Крушево	50.419	49.555	301	311	8.256	8.368	6	6
17	Куманово	1.001.119	1.009.647	427	448	109.158	112.559	9	9
18	Неготино	254.321	253.705	705	761	18.464	18.189	14	14
19	Охрид	596.570	643.985	579	640	53.131	53.392	11	12
20	Прилеп	934.862	964.397	572	620	82.247	84.804	11	11
21	Пробиштип	156.915	151.041	608	648	12.013	12.214	13	12
22	Радовиш	238.721	214.161	447	433	25.575	26.063	9	8
23	Ресен	198.587	187.571	653	655	13.964	14.381	14	13
24	Свети Николе	125.858	135.020	365	421	16.475	16575	8	8
25	Скопје	5.358.924	5.601.365	439	480	585.968	602.556	9	9
26	Струга	469.344	499.543	468	497	47.802	48.851	10	10
27	Струмица	919.993	897.172	571	587	80.260	82.717	11	11

28	Тетово	1.059.983	1.100.359	331	354	146.538	153.025	7	7
29	Велес	700.903	681.853	594	625	54.815	55.431	13	12
30	Штип	555.530	525.600	498	501	50.675	52.851	11	10
	Вкупно	**17.485.146**	**17.822.132**			**1.734.695**	**1.784.616**		

Од Табелата 3 се гледа дека најголем **број на рецепти** се реализирани на територијата на Подрачната служба Скопје со вкупно 5.601.365 рецепти, што изнесува 31,4 % од вкупно реализираните рецепти за 2013 година во целата држава и претставува зголемување од околу 4% во однос на бројот на реализирани рецепти во оваа подрачна служба во однос на 2012.

За разлика од 2012 година кога на второ место според бројот на реализирани рецепти беше Подрачна служба Битола, во 2013 година на второ место е Подрачната служба Тетово со околу 1.100.359 рецепти или околу 6,17% во однос на вкупниот број на реализирани рецепти, а на трето место е Подрачната служба Битола со 1.093.840 реализирани рецепти (6,13%).

Најмал број на рецепти се реализирале во Подрачна служба Крушево, вкупно 49.555 рецепти односно само 0,27% од вкупно реализираните рецепти за 2013 година. Инаку споредувано по подрачни служби најголемо намалување на бројот на реализирани рецепти во 2013 година во однос на 2012 година е забележано во Подрачната служба Радовиш каде што истото изнесува околу 10%, додека најголемо зголемување на бројот на реализирани рецепти во однос на 2012 година е забележано во Подрачната служба Брод со околу 13%.

За пресметка на **потрошувачката на лекови по дневна дефинирана доза (ДДД)** по ФЗО Подрачни служби (Табела 3) земена е вредноста за број на пакувања во кој соодветно се пресметани и рецептите за лековите кои се делат што се утврдени со Одлука на Управниот одбор на ФЗОМ.

Според пресметаните вредности за ДДД на 1000 осигуреници на ден, забележливо е дека во сите подрачни служби има зголемување на бројот на ДДД/1000/ден, со исклучок на Подрачната служба Радовиш, каде имаме намалување од околу 3%. Зголемувањето на вкупната вредност на ДДД/1000/ден во однос на 2012 изнесува 6,11%.

Најголема потрошувачка според ДДД исто како и во 2012 година има во Подрачна служба Берово со вкупно 859 ДДД/1000/ден, што претставува зголемување од 6,73%, во Подрачна служба Неготино има 761 ДДД/1000/ден , а во Подрачна служба Делчево има 709 ДДД/1000/ден што претставува зголемување од околу 8%. Во Подрачна служба Крушево се искористени најмалку лекови бидејќи ДДД/1000/ден за оваа подрачна служба изнесува 311 единици.

Најголемо зголемување на потрошувачката според ДДД/1000/ден во однос на 2012 година има во Подрачна служба Свети Николе и истото изнесува околу 15%.

Во Табела 4 дадена е споредбата за вкупните износи по подрачни служби како и просечните износи по осигуреник за 2013 и 2012 година.

Табела 4. Потрошувачка на лекови во ПЗЗ по Подрачни служби на ФЗОМ(според вкупните износи, 2013 година

Реден број	ФЗО Подрачна служба	Вкупен износ (денари) 2012	Вкупен износ (денари) 2013	Удел на Подрачните служби во вкупниот износ за 2013	Просечен износ на лекови на рецепт по осигуреник (денари) 2012	Просечен износ на лекови на рецепт по осигуреник (денари) 2013
1	Берово	21.813.317,63	23.936.425,16	1,1%	1.472	1.587,19
2	Битола	111.941.149,88	117.218.620,28	5,5%	1.219	1.246,05


3	Брод	5.178.175,95	5.982.497,37	0,3%	717	795,23
4	Валандово	10.878.462,83	11.622.685,80	0,5%	1.121	1.194,52
5	Виница	17.427.376,97	19.181.912,25	0,9%	1.169	1.237,14
6	Гевгелија	39.230.399,58	40.322.498,85	1,9%	1.333	1.358,80
7	Гостивар	68.701.321,39	73.444.076,28	3,5%	901	921,97
8	Дебар	19.245.676,27	21.936.936,46	1,0%	1.060	1.140,77
9	Делчево	27.117.904,44	29.396.997,01	1,4%	1.361	1.440,75
10	Демир Хисар	7.819.185,21	7.785.817,82	0,4%	1.109	1.110,04
11	Кавадарци	54.646.544,38	58.364.831,41	2,7%	1.423	1.435,86
12	Кичево	49.540.003,13	53.812.511,86	2,5%	1.280	1.342,46
13	Кочани	48.766.154,75	50.320.833,51	2,4%	1.285	1.322,67
14	Кратово	8.737.055,89	8.884.655,38	0,4%	1.242	1.267,79
15	Крива Паланка	20.550.508,54	22.661.294,49	1,1%	1.144	1.195,22
16	Крушево	5.921.404,89	6.072.723,42	0,3%	717	726
17	Куманово	122.341.167,85	127.009.980,70	6,0%	1.121	1.128,39
18	Неготино	22.724.284,80	23.403.329,27	1,1%	1.231	1.286,67
19	Охрид	71.889.268,41	79.366.113,56	3,7%	1.353	1.486,48
20	Прилеп	102.653.302,68	111.923.531,11	5,3%	1.248	1.319,79
21	Пробиштип	15.219.959,69	15.264.032,97	0,7%	1.267	1.249,72
22	Радовиш	25.080.056,83	24.522.156,63	1,2%	981	940,88
23	Ресен	21.149.247,58	20.773.253,46	1,0%	1.515	1.444,49
24	Свети Николе	14.995.016,37	16.292.600,63	0,8%	910	982,96
25	Скопје	668.217.709,73	722.427.317,66	34,0%	1.140	1.198,94
26	Струга	54.873.080,62	60.193.097	2,8%	1148	1232
27	Струмица	96.562.707,48	99.760.065,72	4,7%	1.203	1.206,04
28	Тетово	127.413.196,25	136.013.886,66	6,4%	869	888,83
29	Велес	72.637.878,11	76.090.351,58	3,6%	1.325	1.372,70
30	Штип	59.918.356,94	59.994.131,98	2,8%	1.182	1.135,16
	Вкупно	**1.993.189.875,07**	**2.123.979.166**	100,0%		**1190,16**

Во однос на вкупните износи со кои се опфатени референтната цена на лекот, услугата за аптеката и партиципацијата од осигурениците, веднаш по ФЗО Подрачна служба Скопје, односно втора по вкупен износ за лекови од примарна здравствена заштита е Подрачната служба Тетово во која вкупниот износ за лекови изнесува 136.013.886,66 денари или 6,4% од вкупниот износ на ниво на РМ. Во ФЗО Подрачната

служба Куманово вкупниот износ изнесува 127.009.980,70 денари со што оваа Подрачна служба се наоѓа на трето место по износи за лекови на рецепт. Најмалку средства за лекови се издвоени во Подрачна служба Македонски Брод каде се издвоени само 0,28% од вкупниот износ за лекови на товар на ФЗОМ.


Според бројот на реализирани рецепти по осигуреник по подрачни служби на Фондот (Графикон 5) се гледа дека најмногу рецепти по осигуреник се реализирани во Подрачна служба Берово со просечно 16 рецепти по осигуреник, во Подрачна служба Делчево се реализирани просечно по 14,2 рецепти по осигуреник, додека во Подрачна служба Неготино по осигуреник се реализирани околу 13,9 рецепти просечно годишно. Најмал број на рецепти по осигуреник се реализирани во Подрачна служба Крушево. На ниво на РМ во 2013 година просечно се реализирани околу 9,9 рецепти по осигуреник.

Графикон 5. Просечен број на реализирани рецепти по осигуреник по Подрачна служба на ФЗОМ, 2013 година



За разлика од 2012 година кога анализата во однос на вкупниот просечен износ по осигуреник по подрачни служби (Графикон 6) покажа дека најмногу средства за лекови на товар на ФЗОМ во ПЗЗ се потрошени во Подрачна служба Ресен, во 2013 на прво место е Подрачна служба Берово со околу 1.587 денари по осигуреник, во Подрачна служба Охрид се одвоени околу 1.486 денари, а во Подрачна служба Ресен се одвоени околу 1.454 денари. Просечно најмалку средства по осигуреник за лекови од примарна здравствена заштита се одвоени во Подрачна служба Крушево каде просечниот износ за лекови е околу 726 денари по осигуреник. На ниво на РМ просечно се издвоени по 1.190 денари по осигуреник за лекови од ПЗЗ, што претставува зголемување за околу 3,6% во однос на 2012 година.


Графикон 6. Просечен износ во денари по осигуреник по Подрачна служба на ФЗО, 2013 година



1.1.2.Потрошувачка по региони по број на рецепти и вкупни износи во 2013 година


Анализита на потрошувачката по региони покажува дека исто како и на ниво на РМ во сите региони на прво место според бројот на реализирани рецепти се лековите за кардиоваскуларниот систем, на второ место се лековите со дејство на централниот нервен систем, додека лековите со дејство на дигестивниот тракт и метаболизмот се на трето место во сите региони со исклучок на Североисточниот регион каде на трето место според бројот на реализирани рецепти се антиинфективните лекови за системска употреба. (Графикон 7).

Графикон 7. Број на реализирани рецепти за лекови во ПЗЗ по АТХ групи и по региони за 2013 година




Исто така, и во однос на издвоените средства на прво место се лековите од групата С, на второ место се лековите од групата N со исклучок на североисточниот регион каде на второ место се лековите од групата J. (Графикон 8).

Графикон 8 Вкупно издвоени износи за лекови во ПЗЗ по АТХ групи и по региони за 2013 година




Најголема потрошувачка на лекови се забележува во Скопскиот регион, а најмала во Североисточниот регион. (Графикон 9)

Графикон 9. Број на реализирани рецепти по АТХ прво ниво, за 2013 година



Во однос на просечниот број на рецепти по осигуреник по регион утврдено е дека најголема потрошувачка на лекови според број на реализирани рецепти по осигуреник е забележана во Источниот регион со 11,92 рецепти по осигуреник, а најмала во Полошкиот со 7,18 рецепти по осигуреник.

Графикон 10 – Просечната потрошувачка на лекови по региони по осигуреник за 2013




1.1.3. Потрошувачка на лекови на рецепт според АТХ нивоа во 2013 година


1.1.3.1 Потрошувачка на лекови на рецепт според АТХ ниво I во 2013 година

Од анализата на потрошувачката на лекови според АТХ класификација на прво ниво може да се забележи дека со најголема потрошувачка се лековите од АТХ групите: A - Лекови со дејство на дигестивниот тракт и метаболизмот; C - Лекови кои делуваат на срце и крвни садови; J - Антиинфективни лекови за системска употреба; M - Лекови со дејство на коскено мускулен систем; N - Лекови со дејство на ЦНС.


Графикон 11. Број на реализирани рецепти по АТХ прво ниво, за 2013 година



Графикон 12. Број на ДДД/1000/ден по АТХ прво ниво, за 2013 година



Графикон 13. Вкупни износи за лекови по АТХ прво ниво, за 2013 година




Најпотрошувани лекови во 2013 година на АТХ прво ниво се лековите од С групата (лекови кои делуваат на кардиоваскуларниот систем) и тоа по број на реализирани рецепти, по број на ДДД/1000/ден и по износи (Графикон 11 , 12 и 13).

1.1.3.2 Потрошувачка на лекови на рецепт според АТХ ниво III во 2013 година

На трето ниво според АТХ класификација (Графикон 14) исто како и претходната година најпотрошувани лекови по број на рецепти се АЦЕ инхибиторите, по нив се лековите кои делуваат на ЦНС – анксиолитиците, а бета блокаторите (АТХ код С07А) се наоѓаат на трето место по потрошувачка по број на рецепти.


Кај речиси сите подолу наведени групи на лекови се забележува зголемување на потрошувачаката во 2013 година, со исклучок на анксиолитиците (АТХ код N05B), противвоспалителните и антиревматски лекови (АТХ код M01A) и бета-лактамските антибиотици каде што се забележува намалување на потрошувачката што секако соодветствува и со податокот дека во 2013 кај сите овие АТХ групи на прво ниво (M,J,N) е намалена потрошувачкаата. Причина за намалување на бројот на реализирани рецепти за лековите од групата на анксиолитици кое што за прв пат се забележува во 2013 година, треба да се гледа и во измените на договрни одредби од договорот за извршување и плаќање здравствени услуги во примарната здравствена заштита за 2013 година, со цел рационално користење и пропишување на лекови од Листата на лекови со акцент на анксиолитиците со режим на пропишување “R“ и групата на лекови антибиотици со режим на пропишување “R“, “RS“, “RSS“.

Графикон 14. Топ 10 по број на реализирани рецепти по АТХ ниво III, 2013 година



Анализирано според број на ДДД/1000/ден, првите три најпотрошувани групи на лекови се лекови со дејство на кардиоваскуларниот систем и тоа на прво место, исто како и според бројот на реализирани рецепти се наоѓаат АЦЕ инхибиторите, на второ место се лековите кои ги намалуваат нивото на серумските липиди, додека на трето место се групата на селективни блокатори на калциумови канали (Графикон 15).


Графикон 15. Топ 10 по број на ДДД/1000/ден по АТХ ниво III, 2013 година



За разлика од претходната година кога според вкупните издвоени износи на прво место беа лековите од групата на други бета лактамски антибактериски лекови, анализирано на трето ниво според АТХ класификација (Графикон 16) во 2013 година тоа се лековите од С10А- модифицирачки средства за

маснотии во крв. На 10-то место, наместо лековите од група на периферни вазодилататори, оваа година се антиепилептиците.


Графикон 16. Топ 10 по вкупни износи по АТХ ниво III, 2013 година



1.1.3.3 Потрошувачка на лекови на рецепт според АТХ петто ниво во 2013 година


Најкористен лек во 2013 година, како и во претходните години е лекот **Enalapril** со вкупно 1,66 милиони реализирани рецепти, што претставува 9,3% од вкупно реализирани рецепти или 0,4% повеќе во однос на 2012 година Овој лек спаѓа во групата кардиолошки лекови кои делуваат на ренин-ангиотензин системот (Графикон 17). Други лекови од оваа група во топ десет најпотрошувани лекови влегуваат и Pentoxifylline, Lisinopril и Atorvastatin. Лекот Diazepam од АТХ N групата се наоѓа на четврто место по потрошувачка, а лекот Alprazolam за прв пат не е во првите десет најпотрошувани лекови, односно во 10-те најпотрошувани лекови за 2013 година е Bisoprolol и истиот се наоѓа на седмо место. Во првите десет најпотрошувани лекови се вбројуваат и лековите Diclofenac, Metformin, Ranitidine и Amoxicillin+clavulanic acid.

Графикон 17. АТХ ниво V - Топ 10 лекови по број на рецепти за 2013 година




Доколку се анализира потршувачката на лекови според ДДД/1000/ден во првите десет најпотрошувани лекови за 2013 година се генериките дадени во Графиконот 18.

Графикон 18. АТХ ниво V - Топ 10 лекови по ДДД/1000/ден во 2013 година



Во графиконот 19 прикажани се 10 лека кај кои се заблежува најголемо зголемување на потрошувачката по ДДД/1000/ден во однос на 2012 година.


Графикон 19. Приказ на 10-те лека со најголемо зголемување во потрошувачката



По АТХ петто ниво, како и претходните три години најмногу средства се издвоени за генеричкиот лек Atorvastatin за кој во 2013 година се издвоени вкупно 110,5 милиони денари, што претставува 5% од вкупниот износ за лекови и воедно за истиот се бележи пад на вкупно исплатениот износ за 7,3% во однос на износот издвоен во 2012 година. Овој лек спаѓа во С групата на лекови.

Од истата група на лекови во топ десет влегуваат и генеричките лекови Pentoxifylline, Enalapril и Losartan (Графикон 20). Од групата на антиинфективни лекови најмногу средства се издвоени за антибиотиците Amoxicillin +clavulanic acid и Cefixime. Од лековите наменети за третман на болести на респираторниот систем во топ десет лекови за кои се издвоени најмногу средства влегуваат генеричките лекови Fluticasone и Salmeterol+fluticasone. Во првите десет се наоѓаат и лековите Tamsulosin од групата G и Metformin од групата А.

Графикон 20. Вкупни износи за 10 најпотрошувани лекови по АТХ ниво V, 2013 година




1.1.4. Потрошувачка на Топ - 10 лекови по генерики по ФЗО Подрачни служби во 2013 година

Од Графикон 21 може да се забележи дека бројот на реализирани рецепти на најпотрошуваните десет лека е најголем во Подрачната служба Скопје во која се реализирани 32,26% од вкупниот број на рецепти за овие 10 лека, што претставува зголемување за околу 1%. Во Подрачната служба Битола се реализирани околу 6,13% со што оваа Подрачната служба е втора по потрошувачка на топ 10 генерики, а трета е Подрачната служба Струмица со 5,16% од вкупниот број на рецепти. Во овие две подрачни служби има намалување за помалку од 1 % на бројот на реализирани рецепти за 10-те најпотрошувани лекови во однос на 2012 година. Најмал број на реализирани рецепти од најпотрошуваните лекови има во Подрачната служба Крушево (0,28%). За разлика од 2012 кога најпотрошуван лек во најголемиот број на подрачни служби на ФЗО беше лекот enalapril, во 2013 година како прв според бројот на реализирани рецепти овој лек се јавува во околу 17


подрачни служби, а во останатите 13 во најголем дел од нив најпотрошуван е lisinopril кој е од истата група со лекот enalapril,а како први според бројот на реализиртани рецепти во некои подачни служби се јавуваат и лековите diazepam и pentoxifylline. Во Подрачната служба Скопје прв според бројот на реализирани рецепти е лекот pentoxifylline.

Графикон 21. Број на реализирани рецепти за 10 најпотрошувани лекови по подрачни служби




Анализата на потрошувачката на 10-те најпотрошувани лекови по ДДД/1000/ден покажа дека исто како и во 2012 година најпотрошуван лек е генериката Enalapril во сите подрачни служи, освен во подрачните служби Кочани, Кратово и Пробиштип каде најпотрошуван лек е генериката Lisinopril (графикон 22).

Графикон 22. Топ- 10 најпотрошувани лекови по ДДД/1000/ден, по ФЗО Подрачни служби, 2013 година



Но, ако во Подрачна служба Скопје имаше најголем број на реализирани рецепти за лекот Enalapril, по ДДД на 1000 осигуреници на ден, лекот Enalapril е најпотрошуван е во Подрачната служба Берово.

Графикон 23. Вкупни износи за 10-те најпотрошувани лекови по ФЗО подрачни служби, 2013 година




Во однос на вкупните износи за најпотрошуваните десет генерики, најмногу средства се одвоени во Подрачна служба Скопје околу 35,45%. Во Подрачната служба Тетово се одвоени 6,1%, а во Подрачна служба Прилеп 5,92%. Најмал дел од средствата за најпотрошуваните десет генерики се издвоени во Подрачна служба Брод (0,27%) (Графикон 23).

Споредено со 2012 година се забележува намалување во **вкупниот бројот на реализирни рецепти** за овие лекови во 2013 година и тоа за околу 11%, но од друга страна **вкупниот износ** е зголемен за околу 4% за лековите без доплата.

Во 2013 година лековите без доплата имаат **учество во вкупната потрошувачка** со околу 23% во однос на бројот на реализирани рецепти, односно околу 47,5% во вкупниот издвоен износ за лекови. Споредено со 2012 година се забележува намалување на бројот на реализирни рецепти за овие лекови и тоа за околу 3%, а и вкупиот издвоен износ е намален за околу 1%. Во графикот подолу дадено е учеството на лековите без доплата во вкупниот број на рецепти односно во вкупниот износ за 2012 и 2013 година.

Графикон 24. Учество на лековите без доплата во потрошувачката, 2012- 2013 година



Анализата на потрошувачката на лековите без доплата, за генериките од Образецот ГЛБД од кои здравствените установи – аптеки согласно договорот во секое време треба да имаат најмалку по еден лек, покажа дека во 2013 година се реализирани 1.572.915 рецепти во износ од 170.920.964,4, што преставува намалување од 30% во однос на број на реализирани рецепти, односно 19% во однос на издвоениот износ за овие лекови во 2012 година.

1.2 Потрошувачка на скапи лекови во примарна здравствена заштита, 2010-2013 година

Во 2010 година донесена е Одлука за утврдување скапи лекови од Листата на лекови кои паѓаат на товар на ФЗОМ, а што се издаваат на рецепт во аптеките надвор од нивниот определен месечен износ (квотите) со што е овозможено непречено снабдување на осигурениците со овие лекови.

По ажурирањето на оваа одлука со примена од 01.01.2013 година, потрошувачката на овие лекови во периодот 2010 - 2013 година е прикажана во Табела 5.

Табела 5: Потрошувачка на скапи лекови за ПЗЗ, 2010-2013 година

	2010		2011		2012		2013	
	Број на рецепти	Вкупен износ	Број на рецепти	Вкупен износ	Број на рецепти	Вкупен износ	Број на рецепти	Вкупен износ
Cyproterone	4,416	11,385,625.38	7,025	15,284,370.95	7.882	10,860,042.78	0	0
Mycophenolic acid	4,082	36,101,381,66	3,866	22,938,380.38	3,826	13,441,790.81	3.647	14,684,553.93
Ciclosporin	3,340	5,799,501.68	3,493	5,536,018.97	3,762	6,231,680.55	3.779	6,132,86.,45
Ribavirin	2227	22,896,317.70	615	22,912,751.62	558	10,824,476.39	510	9,329,144.75

Desmopressin	323	913,115.85	399	917,250.62	531	1,254,787.64	708	1,773,534.63
Lamivudine	/	/	238	873,479.67	940	2,777,985.00	1.529	4,359,547.92
Tacrolimus	/	/	35	300,775.97	145	1,253,048.16	677	4,745,372.04
Clodronic acid	/	/	35	267,679.79	365	2,760,407.63	280	2,055,636.2
Morphine	138	150,696.51	0	0	0	0	0	0
Amilase+Lipase +Protease	/	/	/	/	/	/	15.751	8,480,196.23
Levetiracetam	/	/	/	/	/	/	4.890	15,166,261.33
Mesalazine	/	/	/	/	/	/	423	686,952.1
Вкупно	**14,526**	**77,246,639**	**15,706**	**69,030,708**	**18,009**	**49,404,218.96**	**32.194**	**67,414,059.58**

Вкупниот износ за скапите лекови во 2013 година изнесува 67,4 милиони денари што е околу 3,4% од вкупните средства за лекови на рецепт. Вкупниот издвоен износ за овие лекови намален за износот на наплатена партиципација и износот на услугата за издадени лекови на рецепт изнесува 64,9 милиони денари и иститот претставува 99,9% од предвидените буџетски средства за аптеките за овие лекови.

Бројот на рецепти за овие лекови во 2013 година е зголемен за околу 78% во однос на 2012 година, а причина за ова е што во Одлуката за скапи лекови од 01.01.2013 година дополнета е генериката amilase+lipase +protease на која отпаѓаат околу 49% од вкупниот број на рецепти за скапи лекови. Овој лек се наоѓа на Листата на лекови за примарна здравствена заштита за индикација докажана инсуфициенција на панкреас и спаѓа во групата на ензимски препарати.

Најголема потрошувачка по број на рецепти од скапите лекови во ПЗЗ во 2013 година има лекот amilase+lipase+protease со 15.751 реализирани рецепти, а додека најголем износ е издвоен за лекот levetiracetam (15,1 милиони денари или 22,5% од вкупниот износ за скапи лекови) кој спаѓа во групата на антиепилептици.

1.3 Лекови за трансплантирани органи, 2010-2013 година

За лековите од АТХ групата L- антинеопластични и имуномодулаторни лекови кои се подигнуваат на рецепт на товар на Фондот и за кои осигурениците со трансплантирани органи (дијагноза Z94 по МКБ-10) се ослободени од партиципација согласно Програма на Владата на РМ, потрошувачката е прикажана во Табелата 6.

Табела 6. Број на рецепти за лекови за трансплантирани органи, 2010-2013 година


Генеричко име	Бројна на рецепти 2010	Број на рецепти 2011	Број на рецепти 2012	Број на рецепти 2013	Индекс 2010/2011	Индекс 2011/2012	Индекс 2012/2013
Ciclosporin	2490	2787	3229	3245	1,12	1,16	1,004
Mycophenolic acid	3106	3524	3740	3633	1,13	1,06	0,97
Вкупно	5596	6311	6969	6878	1,13	1,10	0.99

Од горната табела се забележува дека продолжува трендот на зголемување на бројот на реализирани рецепти за генериката Ciclosporin со тоа што зголемувањето на потрошувачката во 2013 во однос на 2012 е незначително за околу 0,4%, за разлика од 2011 година кога истото изнесувало околу 12% во споредба со

2010 година и 16% во 2012 година во однос на 2011 година. Кај генериката Mycophenolic acid има намалување на вкупниот бројот на реализирани рецепти за околу 3%.

За разлика од претходните години кога и покрај зголемувањето на бројот на реализирани рецепти, вкупните износи за лекови за трансплантирани органи се намалувал и тоа во 2011 година во однос на 2010 година за 21%, а во 2012 година во однос на 2011 година за 28%, како резултат на воведувањето на новата методологија за референтни цени на лекови во 2010 година, во 2013 година се забележува дека за генериката Ciclosporin трендот на намалување на трошоците продолжува, но за генериката Mycophenolic acid и покрај намалувањето на бројот на реализирани рецепти се зголемува вкупниот износ издвоен за овој лек (Табела 7). Имено, ова најверојатно се должи на тоа што во рамки на генериката се забележува промена во соодносот на потрошувачката на различните јачини, па така ако во 2012 година бројот на реализирани рецепти за јачините од 250 mg и 500 mg (со пониска референтна цена) е за околу 19% намалена, додека за јачините 180mg и 360mg (со повисока референтна цена) потрошувачката е зголемена за околу 70% (Графикон 25). Споредувано и по потрошувачка според ДДД на 1000 осигуреници на ден исто така се забележува пораст на потрошувачката за јачините од 180mg и 360mg.

Графикон 25. Потрошувачка на лекот Mycophenolic acid според број на реализирани рецепти, 2010- 2013 година



Како што е погоре споменато, пациентите со трансплантирани органи се ослободени од партиципација која за овие лекови за 2013 година изнесува 1.668.380,00 денари.

Овие лекови влегуваат и во групата на скапи лекови кои се испорачуваат за осигурениците надвор од квотите на аптеките.

Во 2013 година бројот на реализирани рецепти за лекови за трансплантирани органи опфаќаат околу 0,038% од вкупниот број на реализирани рецепти и 0,91% од вкупните износи за лекови на товар на Фондот во примарна здравствена заштита.

Табела 7. Вкупни износи за лекови за трансплантирани органи, 2010-2013 година


Генеричко име	Вкупен Износ 2010	Вкупен износ 2011	Вкупен износ 2012	Вкупен износ 2013	Пресметана партиципација 2012	Индекс 2010 /2011	Индекс 2011 /2012	Индекс 2012 /2013
Ciclosporin	3.993.267	3.979.720	4.946.484	4.904.374	661.390	1,00	1,24	0,99
Mycophenolic acid	27.666.366	21.105.013	13.215.005	14.615.343	1.114.200	0,76	0,63	1,105
Вкупно	31.659.632	25.084.734	18.161.489	19.519.717	1.775.590	0,79	0,72	1,074

1.4 Потрошувачка на лекови пропишани од лекари во дежурна служба

Во 2010 година донесена е Одлука за утврдување на лекови кои може да ги пропишуваат лекарите во дежурната служба, а од 2013 година овие реализирани рецепти аптеките ги фактутрираат надвор од нивниот определени месечен износ (квотите).


Во 2013 година биле реализирани вкупно 5.191 рецепти кои биле пропишани од лекарите во дежурната служба, во вкупен износ од 439.590,00 денари. Ова претставува зголемување од 53% на бројот на реализирани рецепти, односно 51% на вкупните износи во однос на 2012 година.

Графикон 26. Потрошувачка на лекови пропишани од лакари во дежурна служба, 2012- 2013 година



Рецепти пропишани од лекарите во дежурната служба се реализирани во 17 подрачни служби (Графикон 27).

Графикон 27. Потрошувачка на лекови пропишани на рецепт од лекари во дежурна служба, по број на рецепти по подрачна служба, 2013 година



Резиме

- Постои континуиран тренд на зголемување на снабдувањето со лекови на рецепт на осигурениците на ФЗОМ во периодот од 2009 година наваму, односно зголемувањето на количините на обезбедените лекови и соодветно вкупните износи потрошени за лекови на рецепт на товар на ФЗОМ бележат значаен пораст во периодот 2008 до 2013 година од 70% и 60%
- Во 2013 година на товар на ФЗОМ се реализирани 17.822.132 рецепти, со вкупен износ од 2.123.979.166 денари.
- Потрошувачката по број на реализирани рецепти е најголема во Подрачна служба Скопје вкупно 5.601.365 рецепти (31,4%).
- Потрошувачката по ДДД/1000 осигуреници/ден е најголема во Подрачна служба Берово вкупно 859 ДДД единици (5%)
- Потрошувачката на лекови на рецепт по вкупни износи е најголема во Подрачна служба Скопје вкупно 722.427.317 денари (34%).
- На ниво на РМ во 2013 година просечно се реализирани околу 9,9 рецепти по осигуреник.
- Најмногу рецепти по подрачни служби по осигуреник се реализирани во Подрачна служба Берово со просечно 16 рецепти по осигуреник.
- Најмногу рецепти по региони по осигуреник се реализирани во Источниот регион со просечно 11,92 рецепти по осигуреник.
- На ниво на РМ во 2013 година просечно се издвоени по 1.190 денари по осигуреник.
- Најмногу средства по осигуреник се издвоени во Подрачна служба Берово со околу 1.587 денари.
- Најпотрошувани лекови во 2013 година на АТХ прво ниво се лековите од С групата (лекови кои делуваат на кардиоваскуларниот систем) и тоа по број на реализирани рецепти, по број на ДДД/1000/ден и по износи.
- Најпотрошувани лекови во 2013 година на АТХ трето ниво според број на реализирани рецепти и по број на ДДД/1000/ден се С09А- АЦЕ инхибиторите.
- Во однос на издвоените средства, најмногу се издвоени за лековите од С10А - модифицирачки средства за маснотии во крв.
- Најкористен лек на АТХ петто ниво во 2013 година според бројот на реализирани рецепти, како и во претходните години, е лекот Enalapril со вкупно 1,66 милиони реализирани рецепти, што претставува 9,3% од вкупно реализирани рецепти.
- Според ДДД/1000/ден во 2013 година, според АТХ петто ниво исто така најкористен е лекот Enalapril со околу 79 ДДД/1000 осигуреници/ден.
- Како и претходните три години, според АТХ петто ниво, најмногу средства се издвоени за генеричкиот лек Atorvastatin за вкупно 110,5 милиони денари.
- Во 2013 година лековите без доплата имаат учество во вкупната потрошувачка со околу 23% во однос на бројот на реализирани рецепти, односно околу 47,5% во вкупниот издвоен износ за лекови.
- За скапи лекови во 2013 година вкупно се реализирале 32.194 рецепти со вкупен износ 67.414.059 денари.
- Вкупниот издвоен износ за скапи лекови намален за износот на наплатена партиципација и износот на услугата за издадени лекови на рецепт изнесува 64,9 милиони денари и иститот претставува 99,9% од предвидените буџетски средства за аптеките за овие лекови.
- Бројот на рецепти за лекови за трансплантирани органи во 2013 година изнесува 6.878, со вкупен износ од 19.519.717 денари.
- Во 2013 година од лекарите во дежурната служба биле реализирани вкупно 5.191 рецепти со вкупен износ од 439.590 денари.